# Министерство за труд на САД

# 2023 Наоди за најлошите облици на детски труд

## Северна Македонија

Во 2023 година, Северна Македонија постигна умерен напредок во напорите за елиминација на најлошите облици на детски труд. Инспекторатот за труд воведе нов дигитален систем за водење евиденција, со што се подобрува способноста на инспекторите да го следат напредокот на тековните случаи. Министерството за труд и социјална политика, исто така, го прошири својот дофат до ранливите мигрантски население со отворање два нови центри за помош на мигрантите долж северната и јужната граница на земјата. Дополнително, владата го зголеми износот на месечниот детски додаток што им се исплаќа на семејствата што ги исполнуваат условите и воведе нов образовен додаток за да ги надомести трошоците за одење на училиште за децата во домаќинствата со ниски приходи. Сепак, минималната возраст за работа во Северна Македонија не ги исполнува меѓународните стандарди бидејќи заштитата не се однесува на децата кои се самовработени или работат надвор од формалните работни односи. Дополнително, бидејќи минималната возраст за работа е пониска од возраста за задолжително образование, децата може да се поттикнати да го напуштат школувањето пред завршувањето на задолжителното образование.

Подолу предложените владини активности ќе ги надминат пропустите кои USDOL ги посочи кај обидите на Северна Македонија да ги спроведе своите меѓународни обврски за отстранување на најлошите облици на детски труд.

| Област | Предложена активност |
|---|---|
| Правна рамка | Да обезбеди минималната возраст за заштита од работа да важи за сите деца, вклучувајќи ги и самовработените деца и децата кои работат надвор од формалните работни односи. |
| | Да јазголеми ја минималната возраст за работа од 15 на 16 години за да се усогласи со возраста за задолжително образование. |
| Спроведување | Да осигура  дека Државниот инспекторат за труд спроведува инспекции во секторите со поголем ризик од детски труд, вклучително и во земјоделството и работата на улица. |
| Социјални програми | Да спроведе истражување за определување на активностите на децата вклучени во детски труд со цел подобро планирање на развојот на социјални програми за поддршка на децата со најголем ризик од економска експлоатација. |
| | Да ја зголеми ефикасноста на програмите посветени на справување со детскиот труд и да осигура дека децата питачи, особено децата Роми, ја добиваат потребната поддршка за трајно да бидат отстранети од работата на улица. |

| Област | Предложена активност |
| --- | --- |
| | Да гиотстрани пречките до образованието преку зголемување на бројот на наставници кои можат да изведуваат настава на ромски јазик. |